УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

# КАТАЛОГ НА ИЗДАНИЈА
## 2024

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА
ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ И КУЛТУРА

МАРТ 2024

## ИЗДАНИЈА




## УГД

### Универзитетски гласник
Објавување на одлуки, правилници, правила и други материјали донесени од Универзитетскиот сенат

### Универзитетски билтен
Објавување на реферати за избор на наставно-научен кадар и објавување на рецензии за учебници и скрипти

### Универзитетски весник
Актуелни теми од настаните кои се одвиваат во рамките на Универзитетот и пошироко

КОНТАКТ
contact@ugd.edu.mk
www.ugd.edu.mk

| | |
|---|---|
| Издавач: | Универзитет „Гоце Делчев” – Штип |
| Главен уредник: | проф. д-р Дејан Мираковски |
| Уредници: | проф. д-р Лилјана Колева-Гудева |
| | д-р Сања Гацов |
| Лектор: | Даница Гавриловска-Атанасовска |
| Техничко уредување: | Ана Рунчева |

ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Одделение за издавачка дејност и култура

| | | |
|---|---|---|
| м-р Сања Гацов | - | советник во издавачка дејност |
| м-р Влатко Јовановски | - | советник во издавачка дејност |
| Мери Димитриева | - | референт во издавачка дејност |
| Даница Гавриловска-Атанасовска | - | лектор |

Комисија за издавачка дејност

| | | |
|---|---|---|
| проф. д-р Лилјана Колева-Гудева | - | Земјоделски факултет, претседател |
| проф. д-р Нина Даскаловска | - | Филолошки факултет, член |
| проф. д-р Марија Амповска | - | Правен факултет, член |
| д-р Сања Гацов | - | Одд. за издавачка дејност и култура, член |

Универзитетска библиотека – Штип

Библиотеки во кампусите на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

ISBN 978-608-277-047-5

# ВОВЕД

Во својата седумнаесетгодишна високообразовна и научноистражувачка работа Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип го публикува својот четиринаесетти по ред Каталог на изданија.

Југоисточниот дел на Македонија веќе седумнаесет години е центар на современо високо образование во кој се вкрстуваат висококвалитетна и применлива едукација, сериозни научни потфати и современи пристапи. Инвестирањето во развојот на Универзитетот е наша долгогодишна пракса. УГД се стреми да биде достоен партнер на наставничкиот кадар и на студентите и да им овозможи широка основа за напредок и развој. Нашиот примерен фокус е креирање на прифатливи и солидни услови за студирање и научноистражувачка работа. Највисока наша цел е подигнувањето на квалитетот на наставниот и научниот процес за студентите кои студираат и завршуваат на УГД, со што го истакнуваме на пиедестал нивното знаење. Во таа насока, соработката со реалниот сектор ни овозможува да им обезбедиме подобри услови за работа, да им обезбедиме стипендии, пракса, вработувања и подобра иднина. Фокусот на УГД е подобрување на научноистражувачката инфраструктура и продуктивност во работата на вработените и на студентите.

Низ нашата мрежа на меѓународни соработки, со реномирани европски универзитети, на студентите им овозможуваме широко отворена врата за да го прошират своето знаење и да бидат достојни членови на нашата академска заедница како дипломирани студенти, магистри и доктори на науки.

Живееме во време кога светот забрзано ита кон целосна дигитализација.

Несомнено нашиот Универзитет е еден од универзитетите со сериозна мрежа на дигитални услуги коишто го подобруваат и во целост го олеснуваат трансферот на знаење. Оттука, одржувањето и збогатувањето на фондот од академски учебници и учебни помагала во електронската библиотека за Универзитетот е водечка идеја во дигитализацијата на издавачките активност на академската заедница. Овој електронски книжен фонд годинава достигна 1046 наслови на универзитетски електронски изданија со над 415 000 прегледи и над 520 000 преземања од корисниците на е-библиотеката. Токму поради високата дигитализација и големиот број на електронски алатки нашиот Универзитет го препознаваат голем број домашни, но и странски студенти. Фактот дека УГД денес е посакувана образовна и научноистражувачка институција на национално, но слободно можеме да кажеме и на регионално ниво, нѐ обврзува да продолжиме да работиме на нашите добри страни, но и на подобрување и надградување на тоа што треба да се подобри. Надградбата и одржувањето на сите дигитални алатки се наш голем приоритет затоа што се креирани за студентите кои ги препознаваат овие квалитети на УГД и затоа што:

Нашите студенти се наша најсилна мотивација!

*Нека ни е честит седумнаесеттиот патронат и вековит*
*Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип!*

Ректор,
проф. д-р Дејан Мираковски

27 март 2024 година, Штип

# Електронски публикации во е-библиотека

## Земјоделски факултет




### Растителна вирологија – општ дел

**од Емилија Арсов, Саша Митрев**

ISBN: 978-608-277-001-7

број на страници: 149

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Учебникот „Растителна вирологија – општ дел“ како наставно градиво, пред сè, е наменето за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет - на студиската програма Фитомедицина –заштита на растенијата, како и за студентите на студиската програма Биологија, за да може покрај познавањата од Општа фитопатологија, своето знаење да го продлабочат во областа на вирологијата (наука меѓу живо и неживо). Во однос на јазикот и стилот на пишување, книгата може да послужи и на пошироката стручна јавност и сите оние кои имаат интерес во растително производството, со цел да се запознаат со дел од проблемите со кои може да се соочат при производството.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1152

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770291




## Технологија на готови јадења

**од Ацо Кузелов, Димитар Наков**

ISBN: 978-608-277-002-4

број на страници: 189

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Готовите јадења во конзерва претставуваат храна која поминала процес на преработка и која може да се консумира без дополнителен третман за контрола на микробната контаминација. Овој вид на храна не мора дополнително да се приготвува пред консумирање, освен миење, одмрзнување или умерено загревање. Затоа, во денешно време на „брзо“ живеење, оваа храна широко е прифатена од страна на потрошувачите.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1153

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770291




## Микробиологија на вино

**од Фиданка Илиева**

ISBN: 978-608-277-005-5

број на страници: 135

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Античкиот пијалак, виното, е резултат на ферментацијата на ширата од грозјето. Микробиологијата на вино е дел од технолошката, поконкретно дел од прехранбената микробиологија. За предмет на изучување оваа микробиологија ги има само оние микроорганизми што можат да се развиваат во суровините, помошните материјали, полуготови и готови производи во винарската индустрија. Исто така, предмет на изучување на оваа микробиологија се и процесите од кои се добиваат различни типови вина и вински оцет, производствените соеви на квасци и бактерии, услови за нивно култивирање и постапка за нивно селекционирање.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1155

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770291




**Хемија за студентите на биотехнички науки**

**од Биљана Балабанова**

ISBN: 978-608-277-039-0

број на страници: 141

издадена: 2024

јазик: македонски

краток опис:

Учебникот „Хемија за студентите на биотехнички науки" е наменет првично за студентите на Земјоделски факултет, како и за студентите на останатите студиски програми коишто ги опфаќаат областите на биотехничките науки. Учебникот обработува одбрани поглавја од областа на неорганска хемија, во кој се обработени основите поими, состојби и процеси во хемиската наука.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1180

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770390

## Економски факултет




**Современи финансии - учебник**

**од Марија Гогова-Самоников**

ISBN: 978-608-244-976-0

број на страници: 326

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Учебникот „Современи финансии" од авторката проф. д-р Марија Гогова-Самоников претставува заокружена целина на темите поврзани со постулатите за постоењето и функционирањето на сите актуелни и нови финансиски случувања кои се проткајуваат веќе некое време низ финансиските пазари и заземаат укотвени позиции.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1135

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449760




## Маркетинг: Основи за навигација во динамично опкружување

**од Тамара Јованов-Апасиева**

ISBN: 978-608-244-989-0

број на страници: 339

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Почитувани студенти, колеги професори, маркетинг професионалци, претприемачи, маркетинг ентузијасти; почитувани читатели, добредојдовте во универзитетскиот учебник „Маркетинг: Основи за навигација во динамична средина“. Во денешниот свет на бизнисот кој постојано се менува, маркетингот е компас, GPS систем за навигација на организациите и компаниите кон деловниот успех. Маркетингот е научна област која значително еволуираше со текот на времето, приспособувајќи се на променливите фактори на влијание поврзани со однесувањето на потрошувачите, технолошкиот напредок и општествените промени, воопшто.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1146

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770291




## Управувачко сметководство

**од Благица Колева, Оливера Ѓоргиева-Трајковска**

ISBN: 978-608-277-007-9

број на страници: 212

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Учебникот „Управувачко сметководство“ од авторките проф. д-р Благица Колева и проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска детално го разработува управувачкото сметководство, како алатка која му помага на менаџментот во остварување на поставените цели на компанијата. Имено, при донесување одлуки, менаџментот ги комбинира информациите за трошоците кои ги прави компанијата со останати информации, вклучувајќи и лична проценка за деловните активности и нивните нефинансиски ефекти.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1156

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770291




## Надворешна трговија

**од Емилија Митева-Кацарски**

ISBN: 978-608-277-018-5

број на страници: 297

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Учебникот „Надворешна трговија“ е наменет, пред сè, за студентите на додипломски студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, кои ги изучуваат предметите Меѓународна економија и Надворешна трговија, но можат да го користат и сите останати кои се заинтересирани за оваа проблематика. Основната ориентација во излагањето на содржината е идентификување на основните карактеристики на современите економски текови во меѓународната размена, новите правила на кои се базира мултилатералниот трговски систем, важноста на инструментите на надворешно-трговската политика, како и карактеристиките на трговската политика на Република Северна Македонија.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1161

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770185




## Основи на локални финансии - учебник

**од Илија Груевски, Стеван Габер**

ISBN: 978-608-277-020-8

број на страници: 310

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Една од поголемите тектонски промени кои се случија во доменот на државнополитичкото уредување и јавните финансии е реформата за децентрализација на политичкиот систем и системот на јавно финансирање. Поттикната од доктрината за т.н. Левиатанова хипотеза, според која властите тежнеат кон максимизирање на приходите, поборниците за децентрализацијата аргументираат дека со воведувањето на фискална конкуренција помеѓу единиците на локалната власт се спречува несаканата појава на прекумерен раст на даночното оптоварување и создавање на гломазен јавен сектор.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1163

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770291




## Микроекономија за бизнис - учебник

**од Дарко Лазаров**

ISBN: 978-608-277-035-2

број на страници: 276

издадена: 2024

јазик: македонски

краток опис:

Оваа книга претставува една корисна основа за студентите на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ -Штип кои ги слушаат предметите Основи на економија и Микроекономија на редовни студии на прв циклус да се стекнат со адекватни знаења кои ќе им користат да ги разберат основните принципи на бизнис економијата; специфичностите на пазарот во насока на ефикасно носење на бизнис одлуки и корпоративни стратегии со цел најдобро пазарно позиционирање; основните концепти на теоријата на фирми, и начините на водење бизнис во различни пазарни услови и проблемите со кои се соочуваат менаџерите во водењето на бизнисот; специфичностите на производството и производните процеси од една страна, и трошоците кои произлегуваат од тие процеси со цел оптимизација на производството и минимизирање на трошоците во насока на максимизирање на профитот како базична цел на секоја компанија...

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1177

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770352




## Банкарство - учебник

**од Љупчо Давчев**

ISBN: 978-608-277-038-3

број на страници: 223

издадена: 2024

јазик: македонски

краток опис:

Во ова поглавје се даваат прелиминарни одговори на прашањата: што е финансиски систем, кој го користи, какви документи изготвува, дали е важно како ги процесира? Намерата овде е да се даде вовед - дефиниција на клучните поими и објаснување на некои основни принципи - за читателите кои немале претходен контакт со финансиската економија, односно преглед на областа за сите читатели.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1179

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770383




**Претприемништво и иновации - учебник**

**од Ристе Темјановски**

ISBN: 978-608-277-041-3

број на страници: 219

издадена: 2024

јазик: македонски

краток опис:

Иновациите и претприемништвото се меѓусебно тесно поврзани и испреплетени што ја претставуваат креативната основа на развојот на секоја напредна економија во целина. За да се поттикне и развие претприемништвото, особено во модерна конкурентска средина која е полна со предизвици и исклучително напредни откритија во професијата и науката, неопходно е да се мотивираат претприемачите да бидат иноватори. Паралелно, неопходно е да се промовира креативноста на поединецот и компанијата во бизнис екосистемот.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1181

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770413

## Правен факултет




**Социјално право - учебник**

**од Билјана Тодорова**

ISBN: 978-608-244-956-2

број на страници: 286

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Учебникот „Социјално право“ од авторката проф. д-р Билјана Тодорова претставува заокружена целина на повеќегодишна анализа и истражување на теми поврзани со правните аспекти на домашната и меѓународна социјална проблематика. Учебникот е наменет првенствено за изучување на предметот „Социјално право“ од страна на студентите на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за сите насоки на прв циклус студии. Преку него, се очекува студентите, а и сите заинтересирани субјекти, да добијат продлабочени знаења за теоретските и практични аспекти неопходни за разбирање и спроведување на социјалното осигурување и социјалната заштита во земјава.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1117

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449562

## Факултет за образовни науки




### Империјата на Новиот Рим (1025 – 1453) - практикум

**од Стојко Стојков**

ISBN: 978-608-244-961-6

број на страници: 96

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Овој практикум е наменет за студентите што студираат Историја и(ли) Археологија на Факултетот за образовни науки при УГД – Штип. Ги покрива предметите: Империјата на Новиот Рим (1025-1453 г.), Византиска цивилизација – II од старата програма и како дополнителна литература по предметот Византиска култура.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1121

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449616




### Империјата на Новиот Рим (1025 – 1453) - учебник

**од Стојко Стојков**

ISBN: 978-608-244-962-3

број на страници: 139

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Овој учебник е наменет за студентите што студираат Историја и(или) Археологија на Факултетот за образовни науки при УГД – Штип. Го покрива предметот: Империјата на Новиот Рим (1025-1453 г.), Византиска цивилизација – II од старата програма и како дополнителна литература по предметот Византиска култура.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1122

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449623




## Етика во образованието - учебник

**од Трајче Стојанов**

ISBN: 978-608-244-966-1

број на страници: 265

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Предложениот текст претставува обид да се тематизира образованието од етичка перспектива. Книгата е насловена - Етика во образованието, наместо наставничка етика, или етика за наставници, како што би било соодветно за една професионална етика (на која припаѓа како област), од причина што не е само професионална етика, како по својата содржина, така и по својата форма. Имено, содржински таа опфаќа и теми од општата етика, т.е. теориската етика, како и увид во останатите практични, т.е. нормативни етики, но и други теми кои не можат да се лоцираат во т.н. професионални етики.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1128

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449661




## Организација на предучилишна установа - учебник

**од Деспина Сивевска**

ISBN: 978-608-244-983-8

број на страници: 150

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Ученикот „Организација на предучилишна установа“ настана со желба на студентите од Факултетот за образовни науки да им се понуди еден сеопфатен увид во организацијата на предучилишната установа во Р Македонија, но истовремено да се даде и еден јасен приказ за важноста на овој потсистем во целиот воспитно-образовен систем. Ракописот се состои од неколку поглавја кои артикулираат јасни и важни теми за предучилишното воспитание, образование и грижа. Изборот на содржината на секоја тема се чита како засебна целина, но во исто време тие систематски се однесуваат едни на други, со што се формира квалитетен и сеопфатен поглед на темата.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1140

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449838




## СОВЕТОДАВНА РАБОТА ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ - ТЕОРИСКИ И ПРАКТИЧНИ АСПЕКТИ

**од Соња Петровска, Јадранка Рунчева**

ISBN: 978-608-244-995-1

број на страници: 165

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Советодавната работа е составен дел од професионалната практика на сите стручњаци во т.н. помошни професии, кои се насочени кон поддршка на другите во нивниот личен раст и развој. Во тој контекст, суштината на процесот на советување е да им се помогне на поединците или групите да ги препознаат своите сили, да ги разгледаат своите постапки и начинот на живот, како и да донесат одредени одлуки за тоа во кој правец и на кој начин можат да го подобрат квалитетот на својот живот.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1148

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449951




## Менторство и туторство

**од проф. д-р Снежана Јованова-Митковска**

ISBN: 978-608-277-026-0

број на страници: 115

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Учебникот „Менторство и туторство“ е изработен согласно со потребите од наставен материјал за истоимениот предмет на студиската програма Педагогија на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Конципиран е согласно со предметната програма од наведениот наставен предмет. Резултат е на повеќегодишно проучување на овој во денешно време актуелен феномен, кој своите зачетоци ги има уште од дамнина. Се обидовме да расветлиме низа клучни аспекти на феномените менторство и туторство, имајќи ја предвид нивната сложеност, мултидимензионална условеност и детерминираност.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1168

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770260

## Факултет за медицински науки




### Имунологија - скрипта

**од Сотирија Дувлис**

ISBN: 978-608-244-950-0

број на страници: 191

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Имунологијата како медицинска дисциплина обезбедува подетално проучување на специфичните аспекти на механизмите за заштита на организмот. Таа ги изучува имунолошките механизми кои штитат од туѓи агенси, контролата на овие имунолошки механизми, како и болестите кои можат да се појават кога таа контрола е загрозена. Дисциплината има и апликативна важност, особено во примена на истражувањата во трансплантацијата на органи, понатаму примена на новите сознанија во креирање на имунотерапија за лекување на болести на имунолошкиот систем и ракот и импликациите за развојот на вакцините и заштита на глобалното здравје.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1111

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449500




### Кинезиологија - учебник

**од Данче Василева**

ISBN: 978-608-244-951-7

број на страници: 264

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Кинезиологијата е интегрална наука која ги спојува анатомијата, физиологијата, физиката и геометријата и ги поврзува со човечкото движење. Користејќи ги познавањата по биомеханика, мускулно-скелетна анатомија и неврофизиологија, ги анализира движењата и позите на телото како целина, но и на одделни сегменти. Создавањето на учебникот „Кинезиологија" се должи на фундаменталното значење на кинезиологијата во целосниот алгоритам на лекување на пациенти со трауматски, ортопедски, ревматични, кардиоваскуларни, респираторни и невролошки заболувања. Кинезиолошката анализа и функционално испитување се основните елементи кои ја определуваат физиотерапевтската програма.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1112

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449517




**Практичен пристап во клиничка урологија - практикум**

**од Маја Софрониевска-Главинов**

ISBN: 978-608-244-954-8

број на страници: 94

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Урологијата е медицинска и хируршка специјалност каде што пациентите искажуваат широк спектар на симптоми, кои ги споделуваат со доктори како од општа пракса, така и специјалисти. Постојат голем број на нијанси кои треба да се сознаат од фокусираната уролошка историја и многу важни клинички симптоми и знаци кои треба да се препознаат и проценат. Сето ова претставува значителен дијагностички предизвик за клиничарите поради големиот опсег на можни диференцијални дијагнози и достапните дијагностички процедури. Технолошкиот напредок во последниве години ги промени дијагностичките алгоритми за голем број слични заболувања.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1116

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449548




**Фокалози - учебник**

**од Лонгурова Наташа, Ковачевска Ивона, Терзиева-Петровска Оливера**

ISBN: 978-608-244-957-9

број на страници: 130

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Учебникот „Фокалози“ е наменет за студентите на Дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со единствена цел полесно да ги совладаат методските единици кои се предвидени според програмата за истоимениот предмет.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1118

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449579




**Ургентна медицина - скрипта**

**од Билјана Ефтимова, Татјана Тројиќ, Маја Мојсова-Мијовска**

ISBN: 978-608-244-967-8

број на страници: 146

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Целта на оваа скрипта е на студентите по медицина и сличните области да им се олесни совладувањето на материјалот по предметот Ургентна медицина. Во неа се обработени есенцијалните поглавја од областа ургентна медицина.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1127

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449678




**Практикум по хематологија за медицински лаборанти**

**од Ивана Мицковски**

ISBN: 978-608-244-980-7

број на страници: 43

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Овој практикум е наменет за студентите – медицински лаборанти и се состои од седум поглавја кои имаат за цел концизно да ги објаснат клучните аспекти на историјата на болеста, основните лабораториски и дијагностички иследувања на хематолошките заболувања, кои се неопходни за процена на пациентите со можни нарушувања на крвта.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1136

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449784




## Скрипта по хематологија за медицински лаборанти

**од Ивана Мицковски**

ISBN: 978-608-244-979-1

број на страници: 95

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Оваа скрипта има цел да обезбеди основни и суштински познавања кои се неопходни за процена на пациентите со можни нарушувања на крвта, да ги организира релевантните испитувања и да иницира терапија кога е потребно. Преку поставување на клучните информации за секоја тема, обезбедено е основно познавање на патофизиологијата на хематолошките болести, пристапот кон пациенти со хематолошки заболување сè со цел да им се обезбеди формулирање на диференцијална дијагноза.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1137

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449791




## Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија (учебник)

**од Киро Папакоча, Михајло Петровски, Љубица Прошева, Павле Апостолоски, Кирил Митевски**

ISBN: 978-608-277-004-8

број на страници: 152

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Учебникот „АПАРАТИ И ИНСТРУМЕНТИ ВО ЗАБОТЕХНИЧКАТА ЛАБОРАТОРИЈА" е напишан во целост според Наставната програма од истоимените предмети кои ги слушаат студентите од студиската програма Стручен забен техничар протетичар во рамките на вториот и третиот семестар. Основна задача и цел на овој учебник е да им помогне на студентите да стекнат знаења, способности и вештини, кои понатаму би ги користеле во рамките на својата секојдневна работа. Најискрено веруваме дека учебникот може да се искористи и како прирачник од страна на сите оние кои на каков било начин се занимаваат со оваа проблематика.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1154

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770291

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ШТИП




## Локални анестезии во дентална медицина - учебник

**од Цена Димова**

ISBN: 978-608-277-009-3

број на страници: 333

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Регијата во која работи стоматологот е особено чувствителна на болка, бидејќи во овој дел на главата се наоѓаат голем број нерви, а и централниот нервен систем е во непосредна близина. Токму затоа забните лекари од минатото и стоматохирурзите дале голем и силен придонес во развојот на локалната анестезија и тоа во пронаоѓањето на различни средства за отстранување на болката како и во усовршувањето на многубројните методи и техники на локална анестезија во оралното подрачје.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1158

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770093




## Токсиколошка хемија

**од Даринка Ѓоргиева-Ацкова**

ISBN: 978-608-277-019-2

број на страници: 319

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Учебникот „Токсиколошка хемија“ ја прикажува еволуцијата на полето на токсикологијата, од употребата на природните токсини од античките племиња преку Парацелзус, и напредува до актуелните токсиколошки теми денес кои се од широк јавен интерес. Со векови, токсикологијата го фасцинира човекот и е вклучена во сите аспекти на индивидуалниот и општествениот живот. Тековната загриженост за ефектите на лековите, канцерогените агенси, индустриските токсини, пестицидите и хербицидите врз здравјето на луѓето, благосостојбата на животните и стабилноста и одржувањето на екосистемите, продолжуваат да ја истакнуваат токсикологијата како важна и растечка научна дисциплина.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1162

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770291




## Фитофармација - современи аспекти на употребата на хербални биоактивни компоненти - учебник

**од Викторија Максимова**

ISBN: 978-608-277-024-6

број на страници: 129

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Хербалните биоактивни компоненти се неизоставен дел од превенцијата и третманот на скоро сите болести кај човекот. И покрај тоа што нивната употреба започнала со почетоците на човештвото, денес соединенијата кои се добиваат од медицинските растенија се користат најмногу во современата фитотерапија (phytotherapy, phytopharmaceutical). Притоа, постојат различни аспекти кои треба да се земат предвид при култивирањето на медицинските растенија, нивната обработка во претпроизводствените, производствените и постпроизводствените процеси.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1167

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770246




## Основни познавања на лабораториската работа

**од Данијела Јаниќевиќ-Ивановска**

ISBN: 978-608-277-028-4

број на страници: 321

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Книгата на еден интересен начин го моделира наставниот процес поврзувајќи го начинот на работа (методот на лабораториска работа) со моделот на настава (проблемска настава). И едниот и другиот елемент се во функција на активност на студентот во наставата, како и поврзување на теоријата со практиката, со што на овој начин студентите ќе се оспособат за успешно вклучување во животот и работата понатаму.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1169

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770284




**Функционална дијагноза на локомоторен апарат**

**од Тоше Крстев**

ISBN: 978-608-277-031-4

број на страници: 226

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Овој учебник е направен со цел да ја задоволи потребата од брза и точна функционална дијагностика во секојдневната пракса на физиотерапевтите, а со тоа да се подобри квалитетот на терапијата и да се намали времето на рехабилитација. Во пракса, примарната област на интерес на физиотерапевтите се зглобовите на екстремитетите и ’рбетот и тоа колку добро тие функционираат.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1172

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770314

## Филолошки факултет




**Скрипта по македонска народна книжевност**

**од Ана Витанова-Рингачева**

ISBN: 978-608-244-952-4

број на страници: 153

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Задолжителен предмет во студиската програма, претставува наставен прирачник за студентите од прва година на Катедрата за македонски јазик и книжевност. Имено, студентите коишто го следат курсот по Македонска народна книжевност имаат потреба од едно вакво помагало, бидејќи тука на едно место се детектирани, анализирани и синтетизирани најсуштинските места во македонската народна книжевност.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1113

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449524




## Вовед во анализа на дискурс - учебник

**од Билјана Ивановска, Марија Кусевска**

ISBN: 978-608-244-975-3

број на страници: 280

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Целта на оваа книга е да обезбеди општ вовед во проучувањето на дискурсот. Авторките поаѓаат од претпоставката дека студентите и другите заинтересирани читатели само површно се сретнале со оваа дисциплина и повеќе се збунети отколку свесни за полето на нејзиниот интерес и темите и методите со кои таа се занимава. Во моментов, анализата на дискурс е многу популарна и раширена на сите континенти и меѓу

следбениците на разни научни дисциплини.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1134

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449753




## Ernest Hemingway - for learners-praktikum

**од Марија Крстева**

ISBN: 978-608-277-015-4

број на страници: 39

издадена: 2023

јазик: англиски

краток опис:

Ernest Hemingway- For Learners (Workbook) is aimed for literary studies, studies in American literature, for English language students, Hemingway learners and all interested in the topic. It is written and organized as a workbook divided into units, each unit comprising several sections. The units are dedicated to a work of Hemingway and the analysis involves questions on the general context and close reading analysis.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1160

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770154




**Практикум по лексикологија на италијанскиот јазик**

**од Надица Негриевска**

ISBN: 978-608-277-022-2

број на страници: 45

издадена: 2023

јазик: италијански

краток опис:

Il manoscritto intitolato Lessicologia della lingua italiana - Eserciziario rappresenta un sussidio didattico adattato al programma di studio e al contenuto dell`insegnamento di lessicologia della lingua italiana destinato agli studenti del gruppo di lingua e letteratura italiana presso la Facoltà di filologia dell`Università "Goce Delcev" di Stip. Questo Eserciziario integra e completa il materiale del manuale dell`insegnamento di lessicologia ed è strutturato in quattro capitoli ciascuno dei quali corrisponde ai contenuti didattici elaborati nello stesso manuale.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1165

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770222




**Лексикологија на италијанскиот јазик - скрипта**

**од Надица Негриевска**

ISBN: 978-608-277-023-9

број на страници: 75

издадена: 2023

јазик: италијански

краток опис:

Il manoscritto dal titolo Lessicologia della lingua italiana è stato redatto conformemente al programma di studio previsto nell`insegnamento di Lessicologia della lingua italiana. Si tratta di un insegnamento obbligatorio incluso nel settimo semestre del quarto anno del Corso di laurea quadriennale in Lingua e letteratura italiana presso la Facoltà di filologia dell`Università "Goce Delcev" di Stip. Il manoscritto è strutturato in quattro capitoli e comprende anche i riferimenti bibliografici che costituiscono la fonte principale per la preparazione del materiale.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1166

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770239




**Општа лингвистика - учебник**

**од Игор Станојоски**

ISBN: 978-608-277-034-5

број на страници: 79

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Овој учебник им е наменет пред сè на студентите што имаат потреба да се запознаат со општата лингвистика, како еден од наставните предмети на сите студиски програми на филолошките факултети. Исто така, покрај студентите, сметаме дека овој учебник може да биде од полза и за сите други лица што се интересираат за лингвистиката. Материјата во овој учебник е поделена во четири глави.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1175

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770345

## Факултет за информатика




**Компјутерски апликации-практикум**

**од Елена Карамазова-Гелова, Мирјана Коцалева-Витанова и Зоран Златев**

ISBN: 978-608-244-963-0

број на страници: 64

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Практикумот по Компјутерски апликации е наменет за користење како учебно помагало за совладување на материјалот од вежбите по истоимениот предмет. Практикумот првенствено е наменет за студентите на Факултет за информатика на насоката Математика – наставна. Практикумот, освен по предметот Компјутерски апликации, може да се користи и по предметот Информатика, предмет што се изучува на повеќе факултети при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Практикумот се состои од десет глави.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1124

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449630




## Компјутерски апликации-скрипта

**од Елена Карамазова-Гелова, Мирјана Коцалева-Витанова и Зоран Златев**

ISBN: 978-608-244-964-7

број на страници: 87

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Скриптата по Компјутерски апликации е наменета да се користи како учебно помагало за совладување на материјалот од предавање по истоимениот предмет. Скриптата првенствено е наменета за студентите на Факултет за информатика на насоката Математика – наставна. Скриптата, освен по предметот Компјутерски апликации, може да се користи и по предметот Информатика, предмет што се изучува на повеќе факултети. Скриптата се состои од десет глави.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1125

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449647




## Одбрани делови од Математика 1 - скрипта

од Александра Ристеска-Камчески

ISBN: 978-608-244-991-3

број на страници: 95

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Оваа скрипта е напишана врз основа на содржини од предметот Математика 1, за кои се одржуваат вежби и предавања на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Содржината на оваа скрипта опфаќа стандардна материја која се изучува на техничките факултети по Математика 1. Наменета е, пред сè, за студентите на Технолошко-технички факултет. Скриптата е поделена во пет глави и секоја за себе содржи повеќе параграфи. Притоа во секоја глава има бројни решени примери кои помагаат за полесно совладување на материјалот. Нивното успешно решавање ќе претставува знак за висок степен на совладаност на изложената материја.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1147

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082449913




**Графови: Теорија и алгоритми**

**од Наташа Стојковиќ, Лимонка Коцева-Лазарова, Александра Стојанова-Илиевска**

ISBN: 978-608-277-021-5

број на страници: 170

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

Книгата „Графови: Теорија и алгоритми", која е концептуално поделена во четири теми, обединети во целосна симбиоза на теорија и практични аспекти. Овој учебник има за цел да ви обезбеди детален поглед на графовите, нивната теорија и разните алгоритми кои се користат за работа со нив.

линк за споделување:

http://e-lib.ugd.edu.mk/1164

DOI линк:

https://www.doi.org/10.46763/9786082770215

## Ликовна академија




**Перспектива во цртеж и слика - учебник**

**од Јана Јакимовска**

ISBN: 978-608-244-955-5

број на страници: 160

издадена: 2023

јазик: македонски

краток опис:

